Дата: 03-06-2026

Архивски број: 04-1053/2

Врз основа на член 48, став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ" број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а во врска со член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" број 11/2015 и 35/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 303/2020, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој објавува:

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2026

за унапредување на 1 (еден) административен државен службеник во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место:

1. **Работно место: УПР0101Б04000 Раководител на одделение за региони со отежнати услови за стопанисување и спроведување на агроеколошки мерки (ниво Б4)**
   Одделение: одделение за региони со отежнати услови за стопанисување и спроведување на агроеколошки мерки
   Сектор: Сектор за директни плаќања во земјоделството,
   Број на извршители: 1 (еден) извршител

   Посебни услови утврдени со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата:

- стручни квалификации: ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на **животна средина, наука за земјиштето и хидрологија** или **економски науки**;
- работно искуство : најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој

Бул.3-та Мкедонска Бригада бр.20 , 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел.+389(0) 2 3097450
Фах. +389 (0)2 3097454
е-пошта:ipardpa.info@ipardpa.gov.mk
Сајт: www.ipardpa.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

- посебни работни компетенции: активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски,француски,германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- доказ за положен испит за административно управување;

Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:

- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- ориентираност кон странките/засегнати страни,
- раководење и,
- финансиско управување.

Распоред на работното време:

- работни денови: од понеделник до петок
- работни часови неделно: 40 часа
- работно време: 7:30/8:30 часот до 15:30/16:30 часот
- опис на работното време: почеток на работното време меѓу 7:30 часот и 8:30 часот и завршеток на истото меѓу 15:30 и 16:30 часот

Плата:

Паричниот износ на збирот и делот од основната плата со која се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање изнесува 44,957.00 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен државен службеник вработен во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, како и:

- да е оценет со оценка „А" или „Б" при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му била изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас.

Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој

Бул.3-та Мкедонска Бригада бр.20 , 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел.+389(0) 2 3097450
Фах. +389 (0)2 3097454
е-пошта:ipardpa.info@ipardpa.gov.mk
Сајт: www.ipardpa.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ЕН ISO 9001:2015

Рокот за поднесување на пријавата и доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на web страната на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и web страната на Агенцијата за администрација.

Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерен оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ја доставуваат до Одделението за управување со човечки ресурси на Агенцијата.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следните докази во скенирана форма:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник)

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

Број 04-1053/2
Скопје, 03.06.2026 година

ДИРЕКТОР

М.П.

Даниела Иротова Лазарева

Подготвил: Влатко Серафимовски
Одобрил: Ангелина Јовановска Илиевски

Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој

Бул.3-та Мкедонска Бригада бр.20 , 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел.+389(0) 2 3097450
Фах. +389 (0)2 3097454
е-пошта:ipardpa.info@ipardpa.gov.mk
Сајт: www.ipardpa.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА
ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

ДО: **Одделение за управување со човечки ресурси**

ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
Интерен оглас бр. 01/2026

1. Име и презиме _____, вработен/а во Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.
2. Тековно работно место _____ во Одделение за _____, Сектор за _____.
3. Звање и шифра _____, број и датум на последното решение на тековното работно место _____.
4. Степен и вид на образование _____.
5. Работно искуство_____(година, месец).
6. Оцена при последно оценување_____.
7. Податоци за изречена дисциплинска мерка една година пред објавување на интерниот оглас (заокружете) ДА НЕ
8. Работно место за кое аплицира:
   - Реден број на работно место _____
   - Назив и шифра на работното место _____.
9. Дополнително ги доставувам и следните документи и докази _____
   _____
   _____.
10. Документите со кои потврдувам дека ги исполнувам општите и посебните услови се наоѓаат во моето персонално досие во одделението за управување со човечки ресурси.
    - Изјавувам дека под морална, материјална и кривична одговорност, податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оргинал.
    - Кандидатот кој внел лажни податоци се дисквалификува од натамошната постапка.
    -

Подносител
Административен службеник
Име и презиме
_____